**ПРАВИЛА НА НАГРАДНАТА ИГРА**
„Шпаркирај нов автомобил! Голема наградна игра на Шпаркасе Банка и Mastercard”

Согласно Законот за игрите на среќа и за забавните игри (Сл. весник на РМ, број 24/2011, 51/2011, 148/2011, 74/2012, 171/2012, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/2016 и 178/2016), се утврдуваат следните правила на Наградната игра:

**Член 1**
**ОРГАНИЗАТОР**

Организатор на Наградната игра „Шпаркирај нов автомобил! Голема наградна игра на Шпаркасе Банка и Mastercard” (во понатамошниот текст “Наградна игра“) е Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, со седиште во Скопје, ул. Македонија бр. 34, 1000 Скопје (во понатамошниот текст: ОРГАНИЗАТОР).

**Член 2**
**ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ**

Наградната игра има за цел рекламирање на производите за физички лица од програмата на Mastercard и Maestro издадени од Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје:
- Mastercard Debit дебитна картичка за физички лица
- Maestro дебитна картичка за физички лица
- Mastercard Standard кредитна картичка за физички лица
- Mastercard Gold кредитна картичка за физички лица.

**Член 3**
**ОФИЦИЈАЛНО ИМЕ И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА**

Официјалното име на Наградната игра е „Шпаркирај нов автомобил! Голема наградна игра на Шпаркасе Банка и Mastercard”. Наградната игра ќе започне од 15.09.2020 и ќе трае до 15.11.2020 година.

**Член 4**
**ПРАВО НА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА**

Квалификувани за учество во Наградната игра се сите полнолетни физички лица – државјани на Република Северна Македонија (лица со и над 18 годишна возраст), кои се корисници на било која од следните картички издадени од Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје:
- Mastercard Debit дебитна картичка за физички лица
- Maestro дебитна картичка за физички лица
- Mastercard Standard кредитна картичка за физички лица
- Mastercard Gold кредитна картичка за физички лица

кои на денот на извлекувањето на наградата немаат достасани, а неподмирени обврски кон ОРГАНИЗАТОРОТ кои произлегуваат од користењето на горенаведените дебитни и кредитни картички за физички лица.
Доколку биде извлечен добитник кој не ги исполнува условите од член 4 став 1 истиот ќе биде дисквалификуван и ќе биде заменет со првиот од резервните добитници кој во целост ќе ги исполнува правилата на Наградната игра.
Еден учесник во Наградната игра има право да биде извлечен само за една награда од вкупниот број на награди предвиден во член 6 од Правилата на Наградната игра.

**Член 5**
**ТЕРИТОРИЈА**

Наградната игра се организира на територијата на Република Северна Македонија за физички лица – корисници на картички од брендот Mastercard и Maestro издадени од Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје.

**Член 6**
**ПОДАТОЦИ ЗА НАГРАДИ**

Во Наградната игра ќе бидат доделени следните награди:

| Р.бр. | Вид на награда | Количина | Единична цена со ДДВ | Вкупно со ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Автомобил Citroen C3 од Автонова ДОО Скопје | 1 | 647.128 МКД | 647.128 МКД |
| 2. | Мобилен телефон Apple iPhone 11 од АЈ СТАИЛ ДОО Скопје | 2 | 50.490 МКД | 100.980 МКД |
| 3. | MacBook Air од АЈ СТАИЛ ДОО Скопје | 2 | 56.990 МКД | 113.980 МКД |
| Вкупно | | 5 | | 862.088 МКД |

Количините на наградите од Наградната игра се ограничени и нема да бидат доделени повеќе награди од оние кои се претходно определени. Вкупниот награден фонд изнесува 862.088 денари (во зборови: осумстотини шеесет и две илјади осумдесет и осум денари).

**Член 7**
**МЕХАНИЗАМ ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА**

Лицата корисници на Mastercard Debit дебитна картичка за физички лица и Maestro дебитна картичка за физички лица издадена од Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, за секоја поединечна трансакција во износ поголем или еднаков на 500,00 денари добиваат една шанса за учество во Наградната игра. Лицата корисници на Mastercard Standard кредитна картичка за физички лица и Mastercard Gold кредитна картичка за физички лица издадена од Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за секоја поединечна трансакција во износ поголем или еднаков на 500,00 денари добиваат двојна шанса за учество во Наградната игра. Доколку еден учесник поседува повеќе од една картичка/и од Банката во тој случај учествува со секоја поединечна картичка во Наградната игра доколку ги исполнува условите.
Во извлекувањето на 20.11.2020 година ќе бидат земени трансакциите направени на 15.09.2020 од 00:00 часот до 23:59 часот на 15.11.2020 година.
Како потврда за учество во Наградната игра за трансакциите направени на продажните места ќе се смета слипот од реализирана трансакција направена со Mastercard или Maestro платежна картичка и/или СМС порака доставена преку услугата СМС известувања од реализирана трансакција направена со Mastercard или Maestro платежна картичка од Шпаркасе Банка Македонија во износ поголем или еднаков на 500,00 денари за времетраењето на наградниот период.
Трансакциите извршени од корисниците на дополнителните картички поврзани со основната кредитна картичка / основната дебитна картичка поврзани со трансакциска сметка на корисникот на картичката се евидентираат во корист на носителот на основната картичка / имателот на трансакциска сметка за целите на Наградната игра.
Во Наградната игра се вклучени сите трансакции направени од страна на корисникот на картичката и/или од страна на корисниците на дополнителните картички, на продажните места и е – commerce трансакции (плаќање преку интернет) во земјата и надвор од неа. Во Наградната игра не влегуваат исплати на готовина од банкомат или од ПОС шалтер, членарини, провизии, како и сторнирани трансакции.

Учесниците имаат можност да го откажат своето учество во Наградната игра со поднесување на Изјава за откажување на учество во Наградна игра во една од експозитурите на Шпаркасе Банка Македонија.

**Член 8**
**ВЕРИФИКАЦИЈА НА КВАЛИФИКУВАНОСТ И ПРАВО НА УЧЕСТВО**

Наградата ќе биде доделена само ако учесниците се квалификувани, имаат право на учество и ако целосно ги почитуваат Правилата на Наградната игра.

**Член 9**
**ПРЕНОС И ЗАМЕНА НА НАГРАДАТА**

Наградата не се пренесува ниту се препишува пред претходно доделување на истата. Наградата не може да биде заменета.

**Член 10**
**КОРИСТЕЊЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

ОРГАНИЗАТОРОТ има право личните податоци на добитникот да ги користи во своите идни маркетинг активности по претходно добиена писмена согласност од страна на добитникот за користење на неговите лични податоци.
Доколку добитникот не сака неговите лични податоци да бидат искористени за горенаведените активности, може да прати допис до Организаторот, врз основа на кој неговите/нејзините лични податоци ќе се исклучат од понатамошно користење во такви цели.

**Член 11**
**ОТКАЖУВАЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА**

ОРГАНИЗАТОРОТ има право да ја откаже Наградната игра во било која фаза, по добивање на одобрение од Министерство за финансии со известување до јавноста преку дневниот печат, доколку настапи штетна последица предизвикана со кривично дело или поради делување на виша сила.

**Член 12**
**ОТСТРАНУВАЊЕ НА СПОРОВИТЕ ЗА НАГРАДНАТА ИГРА КОИШТО БИ МОЖЕЛЕ ДА НАСТАНАТ**

Евентуално настанатите спорови помеѓу ОРГАНИЗАТОРОТ и учесниците во Наградната игра ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 13**
**ИЗВЛЕКУВАЊЕ НА НАГРАДАТА**

Извлекувањето на наградите ќе се изврши на 20.11.2020 година со почеток во 12:00 часот,во просториите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје со адреса ул. Македонија бр.34, Скопје.

Добитниците на наградите ќе бидат извлечени автоматски, по принципот на случаен избор од страна на компјутер, за што е изготвен специјален софтвер за таа намена.
Извлекувањата на сите награди ќе бидат јавни, во присуство на комисија составена од тројца официјални претставници, и тоа:

1. Двајца претставници од Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје
2. Нотар од Република Македонија

При извлекувањата, ќе бидат извлекувани по 1 (еден) добитник на секоја од наградите и по 2 (два) резервни добитници.

**Член 14**
**ИЗВЕСТУВАЊЕ И ПОДИГНУВАЊЕ НА НАГРАДАТА**

Добитниците на наградата ќе бидат објавени во рок од 3 дена од денот на извлекувањето на наградите на веб страната на ОРГАНИЗАТОРОТ, www.sparkasse.mk. Добитниците на наградите се должни во рок од 15 дена од денот на објавување на наградите да ги подигнат наградите од просториите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје. По конечна реализација на сите награди престануваат сите обврски на Организаторот на Наградната игра кон добитниците.

**Член 15**
**ЗАПОЗНАВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ СО ПРАВИЛАТА НА НАГРАДНАТА ИГРА**

Правилата на Наградната игра во целост ќе бидат објавени на веб страната на ОРГАНИЗАТОРОТ www.sparkasse.mk, по добивањето на согласност од Министерството за финансии на Република Северна Македонија, а пред почетокот на Наградната игра.

**Член 16**
**ПРАВО НА ПРИГОВОР**

Незадоволниот учесник во Наградната игра има право во рок од 3 дена од денот на објавување на добитниците на наградите да поднесе приговор во писмена форма до ОРГАНИЗАТОРОТ на Наградната игра, до Служба Маркетинг и Комуникации при Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, која е должна во рок од 5 дена од приемот на истиот писмено да одговори.

**Член 17**
**ЗАБРАНА ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА**

Право на учество во Наградната игра немаат лицата вработени и/или по друг основ ангажирани во Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, како и нивните потесни семејства, и тоа: родител, дете, брат, сестра и брачен/вонбрачен другар. Доколку извлечениот добитник е дел од оваа група на лица нема да има право на наградата и ќе биде заменет со првиот од резервните добитници кој ќе ги исполнува во целост правилата на Наградната игра. Добитникот пред да ја подигне наградата ќе потпише потврда дека во своето најблиско семејство нема вработени од Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје.

**Член 18**
**НАЧИНИ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА НАГРАДНАТА ИГРА**

За известување за Наградната игра ќе бидат користени некои од следните средства:

1. Рекламни пораки на хартиените и електронските изводи на корисниците на кредитни картички
2. Рекламни пораки на електронските изводи на корисниците на трансакциска сметка
3. Рекламни пораки на веб страната на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје (www.sparkasse.mk)
4. Постери и флаери поставени во експозитурите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје
5. Рекламни пораки на радио
6. Веб банери на интернет портали.

**Член 19**
**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Со исполнување на Правилата за учество во Наградната игра корисниците ги прифаќаат одредбите од овие правила. Овие правила ќе се применуваат по добивање на согласност од Министерството за финансии на Република Северна Македонија и по нивното јавно објавување, а ќе важат до завршувањето на Наградната игра, односно до завршувањето на рокот за подигнувањето на наградите.

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ